08-398/5
04-06-2026

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 32-та седница одржана на ден 22.05.2026 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката по предмет со бр.08-1863/1 од 02.07.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со бр.08-1863/1 од 02.07.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### *Образложение*

Предметот со бр.08-1863/1 од 02.07.2025 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК од увидот во Решението на Влада на РСМ бр,14-13325/1 од 31.12.2024 година утврди дека на лицето _________ на ден 31.01.2025 година му престанала фукцијата член на Управниот одбор- преставник на основачот на ЈЗУ________________.

ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека именуваниот во законски предвидениот рок по престанок на функцијата не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК на _____________му издаде прекршочен платен налог со бр.08-1863/5 од 10.11.2025 година за сторен прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од истиот Закон.

Со оглед на тоа што постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барања за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК.

Прекршочната комисија донесе Решение со бр. 14-900/4 од 08.04.2026 година со кое сторителот __________ го прогласи за одговорен, по што ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

**Изготвил:** К.Б, соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
**Согласен:** К.З, Раководител на сектор
**Одобрил:** З.Б, член